С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 3 година XLVI

10 март 2011

41.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за донесување Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет 9-ти Ноември -дел од УЕ 6-дел, од УБ 36 (помеѓу ул.„Благој Ѓорев“, ул.„Тодор Јанев“, пешачка улица и ул.„8-ма Велешка Бригада“) Општина Велес

Се објавува Одлуката за донесување Детален урбанистички план за дел од од Велес, локалитет 9-ти Ноември – дел од УЕ 6-дел, од УБ 36, (помеѓу ул.„Благој Ѓорев“, ул.„Тодор Јанев“, пешачка улица и ул.„8-ма Велешка Бригада“) Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 04.03.2011 година.

Број 08-1348/1
10.03.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр.51/05 ,137/07 и 91/09) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 04.03.2011 година донесе

ОДЛУКА
за донесување на Детален урбанистички план за дел од Велес - локалитет 9ти Ноември - дел од УЕ 6, дел од УБ 36 (помеѓу ул. “Благој Ѓорев”, ул. “Тодор Јанев”, пешачка улица и ул. “8ма Велешка Бригада”) - Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на Деталниот урбанистички план за дел од Велес - локалитет 9ти Ноември - дел од Урбана единица 6, дел од урбан блок 36 (помеѓу ул. “Благој Ѓорев”, ул. “Тодор Јанев”, пешачка улица и ул. “8ма Велешка Бригада”) - Општина Велес Деталниот урбанистички план за дел од Велес - локалитет „9ти Ноември“ - дел од Урбана единица 6, дел од урбан блок 36 (помеѓу ул. „Благој Ѓорев”, ул. „Тодор Јанев”, пешачка улица и ул. „8ма Велешка Бригада”) - Општина Велес е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ” бр.78/06 ,140/07 и 12/09)и Правилник за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ” бр.78/06).

Член 2

Просторот за кој се врши донесување на Деталниот урбанистички план за дел од Велес - локалитет „9ти Ноември“ - дел од Урбана единица 6, дел од урбан блок 36 (помеѓу ул. “Благој Ѓорев”, ул. “Тодор Јанев”, пешачка улица и ул. “8ма Велешка Бригада”) - Општина Велес е со површина на урбано подрачје од 2.62ha.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

-Графички дел со параметри за спроведување на Деталниот урбанистички план за дел од Велес - локалитет „9ти Ноември“ - дел од Урбана единица 6, дел од урбан блок 36 (помеѓу ул. „Благој Ѓорев”, ул. „Тодор Јанев”, пешачка улица и ул. „8ма Велешка Бригада”) - Општина Велес Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје бр. 16-924/2 од 10.02.2011 година.

-Извештај од Јавна анкета и јавна презентација по Нацрт-деталниот урбанистички план за дел од Велес - локалитет „9ти Ноември“ - дел од Урбана единица 6, дел од урбан блок 36 (помеѓу ул. „Благој Ѓорев”, ул. „Тодор Јанев”, пешачка улица и ул. „8ма Велешка Бригада”) - Општина Велес

Член 4

За Деталниот урбанистички план за дел од Велес - локалитет „9ти Ноември“ - дел од Урбана единица 6, дел од урбан блок 36 (помеѓу ул. „Благој Ѓорев”, ул. „Тодор Јанев”, пешачка улица и ул. „8ма Велешка Бригада”) - Општина Велес, добиена е Согласност од Министерството за транспорт и врски – Скопје број 16-924/2 од 10.02.2011 година.

Член 5

Деталниот урбанистички план за дел од Велес - локалитет „9ти Ноември“ - дел од Урбана единица 6, дел од урбан блок 36 (помеѓу ул. „Благој Ѓорев”, ул. „Тодор Јанев”, пешачка улица и ул. „8ма Велешка Бригада”) - Општина Велес го потпишува и заверува претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунална инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски во електронски формат, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам - Скопје, еден во Агенција за катастар и недвижности и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Деталниот урбанистички план за дел од Велес - локалитет „9ти Ноември“ - дел од Урбана единица 6, дел од урбан блок 36 (помеѓу ул. „Благој Ѓорев”, ул. „Тодор Јанев”, пешачка улица и ул. „8ма Велешка Бригада”) - Општина Велес го спроведува Секторот за урбанизам, комунална инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-1263/2
04.03.2011год.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

42.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за одржување јавната чистота на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 04.03.2011 година.

Број 08-1348/2
10.03.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 10 од Законот за јавна чистота („Сл. весник на РМ" бр. 111/08, 64/09, 88/10 и 114/10), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), а согласно член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 04.03.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување и дополнување на Одлуката за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за одржување јавна чистота на територијата на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 16/08), во членот 4, по ставот 3 се додава нов став 4 кој гласи:

“Во колективните стамбени згради одржувањето на јавната чистота се задолжува да ја врши Куќниот совет. Куќниот совет е должен да постапува и за одржување на јавната чистота и на дворното место за кое е извршена трансформацијата и се стекнува право на сопственост“.

Член 2

Во членот 6, ставот 1 се менува и гласи:

“Се задолжува ЈКП „Дервен“, за локациите на кои веќе се поставени садови за собирање на комунален отпад на јавните површини да изготви Регистер на локации“.

По ставот 1 се додаваат 2 нови става кои гласат:

„Регистерот на локации да се изготви во рок од три месеци од денот на донесувањето на оваа Одлука и постојано да се ажурира со секоја новоутврдена локација.

По доставено барање, секоја нова локација за поставување на садови за отпад ќе ја одобри Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура на Општина Велес, по изготвен проект и по претходно добиено позитивно мислење од МВР-СВР Велес и надлежните инспекциски општински органи од областа на комуналните работи и животната средина“.

Постоечкиот став 2 од член 6, станува став 4.

Член 3

Во членот 7 став 1, вториот збор “површини” се заменува со зборот “објекти”.

Алинеја 11 и 13 се бришат.

Алинеите 12, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27 и 28 стануваат алинеи 11,12,13,14,15,16,17,18,19,20,21,22,23,24,25 и 26.

Во алинеја 25 после зборот „место“ точката се брише, а после запирката се додаваат зборовите: „освен на места определени за таа намена од страна на општината”.

По алинеја 26 се додаваат две нови алинеи 27 и 28 кои гласат:

„вклучување во сообраќај на моторни, влечни и запрежни возила од стоваришта или градилишта со валкани тркала; и

поставување на урбана опрема и други подвижни и неподвижни предмети, без издадено одобрение од општината.”

Член 4

Во членот 8 став 1, алинеја 11 се брише.

Алинеите 12, 13 и 14 стануваат алинеи 11,12 и 13.

Член 5

Во член 13, ставот 1 се менува и гласи:

„На јавни објекти и на колективни и индивидуални стамбени и деловни објекти забрането е испишување на графити, поставување на светлечки реклами и видео билборди, како и лепење на плакати, освен на места определени за таа намена од општината”.

Член 6

Во членот 16, став 2 по зборовите „корисници на“ се додава зборот „јавни“.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1263/3
04.03.2011 година.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

43.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување локација за депонија на земја, шут и друг отпаден градежен материјал во Општина Велес

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување локација за депонија на земја, шут и друг отпаден градежен материјал во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 04.03.2011 година.

Број 08-1348/3
10.03.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 22, став 2, член 54, став 5 и член 88, став 3 од Законот за управување со отпадот-пречистен текст(„Сл. весник на РМ“ бр.9/11), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), а согласно член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 04.03.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за изменување и дополнувањена Одлуката за определување локација за депонија на земја, шут и друг отпаден градежен материјал во Општина Велес

Член 1

Во Одлуката за определување локација

за депонија на земја, шут и друг отпаден материјал во Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 2/02, 5/07), во член 1, зборовите: „градежен отпаден материјал, земја, згура, камења, керамички крш, санитарни уреди метални предмети, инвентар и стар мебел" се бришат и се заменуваат со зборовите:„градежен шут (од ископи, градилишта, рушење, кршење на материјал, реконструкција на објекти и улици) и друг вид на инертен отпад (неопасен отпад што не подлежи на никакви физички, хемиски и биолошки трансформации) ".

Член 2

Во членот 5, по ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5 кои гласат:

"ЈКП „Дервен" е должен на правните и физичките лица кои го депонираат отпадот на депонијата, да им издаде потврда дека градежниот шут и другиот инертен отпад што го создале во текот на изведување на активностите го предале на депонијата.

По исклучок, во случај да се работи за чиста земја од ископи, која може да биде искористена за покривање на комуналниот отпад, правните лица само со одобрување од ЈКП „Дервен" може да го депонираат овој вид на отпад на општинската комунална депонијата, без надомест. ЈКП „Дервен" е должен да му издаде потврда на правното лице и да води евиденција за вакви случаи".

Член 3

По членот 5, се додава нов член 6 кој гласи:

„Член 6

За спроведување на оваа Одлука ќе се грижат овластениот инспектор за животна средина и овластениот комунален инспектор на Општина Велес."

Член 4

Се задолжува Комисијата за Статут и прописи да изготви пречистен текст на Одлуката за определување локација за депонија на земја, шут и друг отпаден материјал во Општина Велес.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-1263/4
04.03.2011 година.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

44.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за престанување на важење на Одлуката за отстапување на времено користење недвижен имот-деловна зграда без надоместок на ЈДРП Радио Велес

Се објавува Одлуката за престанување на важење на Одлука за отстапување на времено користење на недвижен имот-деловна зграда без надоместок на ЈДРП Радио Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 04.03.2011 година.

Број 08-1348/4
10.03.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 04.03.2011 година, донесе

О Д Л У К А
за престанување на важење на Одлуката за отстапување на времено користење на недвижен имот - деловна зграда без надоместок на ЈДРП Радио Велес

Член 1

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за отстапување на времено користење на недвижен имот - деловна зграда без надоместок на ЈДРП Радио Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 2/02).

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-1263/5
04.03.2011 година.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

45.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Правилник за начинот и постапката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес од областа на културата на здруженија на граѓани

Се објавува Заклучокот за донесување Правилник за начинот и постапката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес од областа на културата на здруженија на граѓани, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 04.03.2011 година.

Број 08-1348/5
10.03.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” број 5/02) и член 45 од став 1 од Статутот на Општина Велес (“Сл. гласник на Општина Велес” бр.12/06, 13/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на својата седница одржана на 04.03.2011 донесе

З А К Л У Ч О К
За донесување Правилник за начинот и постапката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес од областа на културата на здруженија на граѓани

1. Советот на Општина Велес донесе Правилник за начинот и постапката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес од областа на културата на здруженија на граѓани.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1263/6
04.03.2011
Велес

ПРЕТСАЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 7 од Законот за култура („Службен весник на РМ“ 31/08;49/03, 82/0524/07 и 116/10), член 22 став 1 точка 5 и член 24, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 90 од Законот за здруженија и фондации („Служен весник на РМ“ бр. 52/10), член 45, став од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ 12/06;3/09 и 18/10),а согласно Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата на здруженија на граѓани („Службен гласник на Општина Велес“ бр.02/11),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.03.2011 година, донесе

ПРАВИЛНИК
за начинот и постапката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес од областа на културата на здруженија на граѓани

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот и постапката за делегирање на дел од надлежностите од областа на културата на здруженија на граѓани.

Член 2

Делегирањето надлежности на здруженија на граѓани за вршење на одредени работи од областа на културата се однесува на организирање и реализирање на Меѓународниот фестивал на античка драма „Стоби“, а се врши преку објавување на јавен конкурс.

Член 3

Со пријавата на здружението на граѓани кое е запишано во Регистерот на здруженија на граѓани покрај наведените документи во јавниот конкурс се приложуваат и податоци за:

1.Регистарски број и број на решение на здружението;

2.Полн назив и адреса на субјектите кои ќе се вклучат во текот на реализирање на активностите од делегираната надлежност;

3.Детален опис на активностите, носители и рокови за реализирање на делегираните надлежности-Програма на здружението за начин и постапка за доверување на вршење на јавно овластување;

4. Финансиска структура на активностите;

5. Име, презиме и матичен број на лицата ангажирани во реализирање на делегираните надлежности, нивна квалификациона структура и професионално искуство;

6. Име, презиме и контакт телефон на одговорното лице за реализација на делегираните надлежности;

Член 4

Градоначалникот распишува конкурс и формира тричлена комисија која ги разгледува пријавите по конкурсот на здруженијата на граѓани кои ги исполнуваат условите, согласно Законот за култура и овој Правилник.

Член 5

Пријавите од член 3 на овој Правилник, се разгледуваат во присуство на сите членови на Комисијата.

Мислењето што го изготвува Комисијата се потпишува од сите членови на Комисијата и се доставува до Градоначалникот.

Член 6

Комисијата при разгледување на пријавите по јавниот конкурс за исполнување на условите за одреден вид работа од областа на културата утврдена со закон, врши бодирање и тоа:

- соодветност на предлогот со барањата од јавниот конкурс до 20 бода;
- капацитет на предлагачот, искуство во реализација на проекти од областа на културата, соодветност на лицата кои ќе учествуваат во реализирање на надлежностите по однос на образование и искуство во областа на културата, поставеност на систем на контрола на квалитетот и работењето до 40 бода; и
- План и програма за организирање и реализирање на Фестивалот до 40 бода..

Член 7

Разгледувањето на пријавата и утврдувањето на фактичката состојба Комисијата го врши врз основа на непосредно извршен интервју со претседателот на здружението на граѓани.

Член 8

Договорот за меѓусебните права, обврски и одговорности за реализација на делегираните надлежности што се склучува помеѓу Општина Велес и здружението на граѓани, согласно Одлуката за делегирање на дел од надлежности од областа на културата содржи:

1.Краток опис на делегираните надлежности;

2.Времетраење и датум на влегување во сила на договорот;

3.Обврски на договорните страни;

4.Начин на реализирање на делегираните надлежности и редовно доставување на извештаи;

5.Осигурување и одговорност за направена штета;

6.Висината на средствата од Буџетот на Општина Велес што ќе се исплатат на здружението на граѓани за реализирање на делегираната надлежност;

7.Начинот на исплаќање на средствата;

8.Трошоци што нема да бидат покриени;

9.Ревизија и мониторинг;

10.Раскинување на договорот; и

11.Завршни одредби.

Член 9

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1263/6
04.03.2011 година.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

46.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работа на Полициската станица Велес за 2010 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа на Полициската станица Велес за 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 04.03.2011 година.

Број 08-1348/6
10.03.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а согласно член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.03.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Извештај за работа на Полициската станица Велес за 2010 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Извештајот за работа на Полициската станица Велес за 2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1263/7
04.03.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

47.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршената дератизација на град Велес во периодот од 01.01.2010-31.12.2010 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за извршената дератизација на град Велес во периодот од 01.01.2010-31.12.2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 04.03.2011 година.

Број 08-1348/7
10.03.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.03.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен извештај за извршената дератизација на град Велес во периодот од 01.01-31.12.2010 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за извршената дератизација на град Велес во периодот од 01.01-31.12.2010 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1263/8
04.03.2011 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

48.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување претставник на Општина Велес за член на Училишниот одбор на Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“Велес

Се објавува Решението за разрешување на претставник на Општина Велес за член на Училишниот одбор на Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 04.03.2011 година.

Број 08-1348/8
10.03.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 39, став 2 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Сл. весник на РМ“ бр.67/04), член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) а согласно член 45 став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06,3/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.03.2011 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување претставник на Општина Велес за член на Училишниот одбор во Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“ Велес

1. Љубица Мечалова претставник на

Општина Велес се разрешува од должноста член на Училишниот одбор во Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“ Велес.

2.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1263/9
04.03.2011 година.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

49.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување претставник на Општина Велес за член на Училишниот одбор на Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“Велес

Се објавува Решението за именување на претставник на Општина Велес за член на Училишниот одбор на Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 04.03.2011 година.

Број 08-1348/9
10.03.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 39, став 2 и 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование („Сл. весник на РМ“ бр.67/04), член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) а согласно член 45 став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 12/06,3/09 и 18/10)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.03. 2011 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување претставник на Општина Велес за член на Училишниот одбор во Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“ Велес

1.За претставник на Општина Велес за член на Училишниот одбор на Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“ Велес се именува:

-Елеонора Игновска

2.Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-1263/10
04.03.2011 година.
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

50.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 3/09 и 18/10),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за безбедносната состојба во основните и средните училишта на територијата на Општина Велес

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за безбедносната состојба во основните и средните училишта на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на о4.03.2011 година.

Број 08-1348/10
10.03.2011 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 13/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 04.03.2011 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување на Информацијата за безбедносната состојба во основните и средните училишта на територијата на Општина Велес

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за безбедносната состојба во основните и средните училишта на територијата на Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-701/11
04.03.2011 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

41	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за донесување Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет 9-ти Ноември -дел од УЕ 6-дел, од УБ 36 (помеѓу ул.„Благој Ѓорев“, ул.„Тодор Јанев“, пешачка улица и ул.„8-ма Велешка Бригада“) Општина Велес** **ОДЛУКА за донесување на Детален урбанистички план за дел од Велес - локалитет 9ти Ноември - дел од УЕ 6, дел од УБ 36 (помеѓу ул. “Благој Ѓорев”, ул. “Тодор Јанев”, пешачка улица и ул. “8ма Велешка Бригада”) - Општина Велес**	63
42	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за одржување јавната чистота на територијата на Општина Велес** **О Д Л У К А за изменување и дополнување на Одлуката за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес**	64
43	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на локација за депонија на земја, шут и друг отпаден градежен материјал во Општина Велес** **О Д Л У К А за изменување и дополнувањена Одлуката за определување локација за депонија на земја, шут и друг отпаден градежен материјал во Општината Велес**	65
44	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Одлука за престанување на важење на Одлуката за отстапување на времено користење недвижен имот-деловна зграда без надоместок на ЈДРП Радио Велес** **О Д Л У К Аза престанување на важење на Одлуката за отстапување на времено користење на недвижен имот - деловна зграда без надоместок на ЈДРП Радио Велес**	66
45	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување Правилник за начинот и постапката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес од областа на културата на здруженија на граѓани** **З А К Л У Ч О К За донесување Правилник за начинот и постапката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес од областа на културата на здруженија на граѓани**	67
46	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работа на Полициската станица Велес за 2010 година**	68

Бр на акт **Страница**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Извештај за работа на Полициската станица Велес за 2010 година

47 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршената дератизација на град Велес во периодот од 01.01.2010-31.12.2010 година** 69

З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишен извештај за извршената дератизација на град Велес во периодот од 01.01-31.12.2010 година

48 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување претставник на Општина Велес за член на Училишниот одбор на Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“Велес** 69

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување претставник на Општина Велес за член на Училишниот одбор во Средното стручно општинското училиште „Коле Неделковски“ Велес

49 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за именување претставник на Општина Велес за член на Училишниот одбор на Средното стручно општинско училиште „Коле Неделковски“Велес** 70

Р Е Ш Е Н И Е за именување претставник на Општина Велес за член на Училишниот одбор во Средното стручно општинското училиште „Коле Неделковски“ Велес

50 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за безбедносната состојба во основните и средните училишта на територијата на Општина Велес** 70

З А К Л У Ч О К за разгледување на Информацијата за безбедносната состојба во основните и средните училишта на територијата на Општина Велес

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00